# ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**4838.**

Врз основа на член 157 став 1 точка 1, а во врска со член 185 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15 и 173/15), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 8.10.2015 година донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО СОПСТВЕНОСТ ИЛИ ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Правилникот за начинот и условите за продажба и давање под закуп на деловен простор во сопственост или трајно користење на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на РМ" бр.197/14), членот 17 се менува и гласи:

„Деловниот простор во сопственост или добиен на трајно користење Фондот може да го даде на користење на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија или на општинските здруженија на пензионери, за извршување на нивната дејност, со склучување на договор за користење без надоместок."

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 02-5213/6 | Управен одбор |
| 8 октомври 2015 година | Претседател, |
| Скопје | **Јасмина Иванова**, с.р. |

Образложение

Со оглед дека во Правилникот за начинот и условите за продажба и давање под закуп на деловен простор во сопственост или трајно користење на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на РМ" бр.197/14), во членот 17 е регулирано дека Фондот може да им даде на користење деловен простор на Здруженијата на пензионери во општините каде Фондот располага со деловен простор во пензионерските домови.

Со цел да се овозможи доделување на деловен простор кој е во сопственост на Фондот на ПИОМ или даден на трајно користење, а којшто не е на подрачјето каде што се наоѓа пензионерски дом или општинско здружение, се предлага можност овој простор да се даде на користење на Сојузот на здруженијата на пензинрите на Македонија или на здруженијата на пензионери, за вршење на нивната дејност, без надоместок.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 17

На подрачјата на општините во кои постојат пензионерски домови со кои управува Фондот, на здружението на пензионери во рамките на општината, Фондот ќе им додели деловен простор за извршување на нивната дејност со склучување на договор за користење на истиот без надомест за закуп.

---

# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**4839.**

Врз основа на член 44 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13 и 42/14), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

## ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ
## НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2015 ГОДИНА

Индексот на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари-септември 2015 година, во однос на просечните цени на мало во 2014 година, изнесува -1,3%.

Директор,
**Лидија Костовска**, с.р.